25732

Комунист, 23 ноември 1979 , 49, 19,



НАСЕКАДЕ – АПЛАУЗИ: ЧЛЕНОВИТЕ НА АНСАМБЛОТ „ТАНЕЦ"



ЧЛЕНОВИТЕ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СР МАКЕДОНИЈА ВО ЛОНДОН

## Денови на македонската култура во Велика Британија

# Импресивна презентација на нашите културни богатства

**За петнаесет дена во Лондон, Брадфорд, Оксфорд и Норвич се одржаа вкупно 44 настапи на уметниците од Македонија. – Насекаде: срдечен и мошне топол прием, атмосфера на соработка и пријателство.**

**Ристо ЛАЗАРОВ**

**наш специјален известувач**

Панорамскиот приказ на богатствата од македонската културна ризница на британска почва завршува еден ден по излегувањето на овој број од нашиот весник. Тоа, во крајна линија, сепак не нè спречува уште денес да направиме кус сумарум на оваа значајна културна манифестација и за неа, ослободени од канџите на крутиот календарски формализам, да говориме веќе во минато време. Уште на почетокот нека се отстранат сите недоразбирања: животот нè учи дека убавите нешта, и кога ќе поминат, продолжуваат да траат – во сеќавањата. Деновите на македонската култура во Велика Британија се токму тоа: културен незаборавник што со гордост се врежува во сеќавањата на очевидците и во трајнописот на нашиот културен растеж. Во вистинската смисла на зборот, беше тоа импресивна презентација на македонските културни богатства. Имаме што да му покажеме на светот и овој пат тоа го сториме како што доликува – достоинствено и одмерено правејќи широк паноптикум од нашето културно вишнеење во сите области: од уметничката фотографија, преку литературата и сликарството, до филмот, музиката и фолклорот. Бројките, колку и да се штури, не се само неми регистратори на настаните – во случајов, особено. Оти, навистина е импресивен билансот на Деновите на Македонската култура во Велика Британија: четириесет и четири настапи во четири англиски градови: Лондон, Брадфорд, Оксфорд и Норвич. И сето тоа во прекрасна атмосфера на извонредно гостопримство, пријателство, разбирање и соработка, со нагласено внимание и љубопитност на домаќините за дострелите на македонското културно творештво.

### Народ со богата историја

Ако, според непишаните закони на професионалното однесување, новинскиот рапорт треба да го продолжиме таму каде што запревме минатиот петок, го задржуваме вниманието на читателот на настаните во Брадфорд, град кој, како што е познато, е збратимен со Скопје. Тешко ќе се изнајдат зборови да се прикаже блесокот на братската срдечност и гостопримство што го следеше престојот на уметниците и на членовите на нашата официјална делегација во овој град. Зрачеа со искрена топлина зборовите на градоначалникот на Брадфорд Џон Сениор на свеченоста по повод Деновите на македонската култура во овој град, а овдешната публика со нескриено одушевување ги проследи настапите на уметниците од Македонија: концертот на Хорот на РТВ Скопје и на Триото „Скопје", проекцијата на анимираните, документарните и долгометражните филмови, како и настапот на „Танец". Претседателот на Собранието на Скопје Методи Антов, при неколкудневниот престој во Брадфорд, на проректорот на овдешниот Универзитет Р. Макинли му врачи повелба за подарувањето на книгите од изложбата што сè уште е отворена овде.

И во Норвич, град на источниот англиски брег, нашите уметници наидоа на мошне срдечен прием. Чувствата на овој убав град кон Македонија, македонскиот народ и култура најдобро ги изрази неговиот градоначелник, госпоѓата В. Гутесмен, која на свеченото отворање за Македонија говореше со вонредно познавање. Со нескриен восхит таа говореше за македонското културно наследство, за фреските и иконите, за кирилицата и зачетоците на славистиката, за мекедонската уметност и архитектура. „Македонскиот народ има богата историја и тој, иако со векови беше под доминација на други народи, никогаш не го изгуби својот идентитет" – рече госпоѓата В. Гутесмен во Норвич. И во овој град се одржаа настапите што нашите уметници ги имаа во Брадфорд, Оксфорд и Лондон. И овде – иста слика: ширум отворени срца, големо љубопитство и нескриено задоволство и одушевување на домаќините.

### „Танец" ги восхити англичаните

Пак се навраќаме во стариот Оксфорд. Овојпат во „Леди Маргарет хол" ја проследуваме вечерта на македонската поезија. Тука се Славко Јаневски, Анте Поповски, Радован Павловски, Илхами Емин и Богомил Ѓузел. Присутните во високите дострели на нашата поетска реч ги воведува Томе Момировски. И во Лондон, во познатото „Риверсаид студио", македонските поети наидоа на топол прием, истото се случи и во Брадфорд и во Норвич, но настапот во Оксфорд поприми белези на вистинска свеченост. Во атмосфера на поетко празнување, публиката топло ги поздрави нашите поети. Оваа прекрасна вечер, пред бројна, одбрана и мошне внимателна публика, својата кулминација ја доби во гестот на исклучителна срдечност и почит: наместо артисти, песните на нашите поети на англиски јазик ги читаа нивните колеги што живеат во Оксфорд.

Рековме веќе: сите настапи на македонските уметници овде наидоа на мошне срдечен прием. Па сепак, не можеме да се оттргнеме од чувството дека би направиле неправда ако посебно не бидат забележани настапите на ансамблот за македонски народни песни и ора „Танец". И во рамките на Деновите на македонската култура во Велика Британија членовите на овој реномиран ансамбл најречито го потврдија епитетот што со години и со право го носат – амбасадори на нашиот фолклор. „Танец" овде имаше седум настапи: во Танбриџ Велс, Риканшвортх, Редкар, двапати во Брадфорд, Норвич и Лондон. Воопшто нема да се претера ако се каже дека секаде „Танец" постигна блескав успех. Секоја точка од програмата на „Танец", на сите негови концерти, измамуваше спонтани, долготрајни аплаузи на публиката. И сите концерти, по правило, траеја повеќе од предвиденото време, од простата причина што публиката многу точки сакаше да ги слушне и види повторно, на „бис". Со еден збор: „Танец" имаше вистинска жетва на аплаузи, ги восхити англичаните.

Членовите на нашата делегација не го кријат задоволството од топлиот и срдечен прием и успешните настапи во рамките на Деновите на македонската култура. Претседателот на Републичката комисија за културни врски со странство Матеја Матевски со задоволство го истакнува овдешниот срдечен, пријателски прием. Деновите на македонската култура во Велика Британија, вели тој, предизвикаа значајно внимание кај овдешната културна и општествена јавност. А тоа е силна потврда на високиот степен на соработката меѓу Југославија и Велика Британија во областа на културата. Се разбира, оваа манифестација отвори и нови можности за проширување и продлабочување на југословенско-британската културна соработка.

Високи оценки за Деновите на македонската култура и за југословенско-британската културна соработка се изнесени и во Британскиот совет, чиј помошник директор имаше подолг разговор со членовите на нашата делегација. Сè на сè: Деновите на македонската култура во Велика Британија беа извонредно успешна, мошне обемна презентација на достоинствата на духовното творештво на нашата Република. Манифестацијата наиде на исклучително топол прием, а тоа е мотив повеќе да се сочува и продлабочува континуитетот на претставувањето на нашето културно богатство во Велика Британија. Својот природен продолжеток Деновите на македонската култура во Лондон го имаат веќе кон средината на идниот месец, кога овде ќе биде отворена голема изложба на македонската резба. Во план е и обемна изложба на македонски икони, како и други манифестации кои бездруго значајно ќе придонесат за зацврстувањето на меѓусебната културна соработка.